Предлог

Врз основа на член 7 став 1 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.241/24), член 14 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“, бр. 05/02 и Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09 18/10, 15/14,15/18,06/09 и 08/21),

Советот на Општината Велес на 65-та седница одржана на ден __.06.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за неприфаќање на предлог**
**за воспоставување на меѓуопштинска соработка**
**помеѓу Општина Велес и Општина Градско**
**(од областа на инспекцискиот надзор)**

**Член 1**

Не се прифаќа Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка поднесен од страна Градоначалникот на Општина Градско со бр.25-2815/1 од 19.05.2025 година утврден со Одлука бр.08-225/9 од 15.05.2025 година за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка донесена од страна на Советот на Општина Градско.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Образложение**

До Градоначалникот на Општина Велес на ден 19.05.2025 година доставени се: Предлог за воспоставување на МОС со бр.09-206/3 од 16.05.2025 година, Процена за потреба од воспоставување на МОС од Градоначалникот на Општина Градско со бр.09-206/2 од 17.04.2025 година и Одлука за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Градско и Општина Велес со број 08-225/9 од 15.05.2025 година.

Согласно член 7 став 2 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.241/24) Градоначалникот на Општина Велес даде мислење до СОВ со бр.08-2815/2 од 16.06.2025 година.

Согласно член 7 став 1 од Законот за меѓуопштинска соработка, Советот до кого е доставен предлогот за воспоставување на МОС одлучува за предложената соработка во рок од 90 дена од денот на доставување на предлогот за воспоставување меѓуопштинска соработка.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 08-2815/2
16.06 2025 год.
ВЕЛЕС

До
Советот на Општина Велес

Врз основа на член 7 став 2 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ" број 79/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.241/24), по однос на Одлуката за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка бр.08-225/9 од 15.05.2025 помеѓу Општина Градско и Општина Велес, доставена од Градоначалникот на Општина Градско

до Советот на Општина Велес, го давам следното

**М И С Л Е Њ Е**

Осврт на позитивните/негативните аспекти за:

1.Предложената цел за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Градско и Општина Велес е да се зајакне соработката меѓу засегнати страни преку склучување на Договор за вршење на меѓуопштинска соработка, за вршење на определени работи од областа на инспекциски надзор од страна на овластен градежен инспектор на Општина Велес за потребите на Општина Градско.

2. Во Општина Велес во Одделението за инспекциски надзор има двајца градежни инспектори кои имаат исклучително голем обем на работа и за краток временски период одат во пензија. Од овие причини и покрај волјата од моја страна, врз основа на фактичката состојба која укажува на фактот дека истите не можат да постигнат да извршуваат работни задачи во двете општини, давам мислење до Советот да донесе Одлука за неприфаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска сосработка доставен од страна на Советот на Општина Градско.

Изработил:Магдалена Спасева

Одобрил:Анита Пивкова

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА ВЕЛЕС

**ОПШТИНА ГРАДСКО**
ул.„Маршал Тито“ бр.70А Градско
Тел: +38943251522
Е-маил: gradsko1@t.mk gradsko@gradsko.gov.mk www.gradsko.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС

| Примено: | 19-05-2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 25 | 2815/1 | 1 | |

До

Советот на Општина Велес

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 09 - 206/3
16. 05. 2025 год.
ГРАДСКО

**Предмет:** Предлог за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу општина Градско и општина Велес преку склучување на договор за вршење на определени работи

Врз основа на член 6 став (4) од Законот за меѓуопштинска соработка, до Советот на Општина Велес, за првата наредна седница поднесувам (доставувам) ПРЕДЛОГ за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу општина Градско и општина Велес преку склучување на договор за вршење на определени работи.

Во прилог на Предлогот доставувам и процена за потребата од воспоставување на меѓуопштинската соработка.

Општина Градско
Градоначалник

Киро Нацков

**ОПШТИНА ГРАДСКО**
ул.„Маршал Тито“ бр.70А Градско
Тел: +38943251522
Е-маил: gradsko1@t.mk gradsko@gradsko.gov.mk www.gradsko.gov.mk

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 09-206/2
17.04. 2025 год.
ГРАДСКО

# П Р О Ц Е Н А
## за потребата од воспоставување на меѓуопштинска соработка

**Вовед**

Меѓуопштинската соработка во смисла на Законот за меѓуопштинска соработка е соработка што се воспоставува меѓу две или повеќе општини за поефикасно и поекономично вршење на надлежностите на општините утврдени со закон и за остварување на заеднички цели и интереси.

Под меѓуопштинска соработка се подразбира и вршење на определени работи од надлежност на општината од страна на една општина за сметка на една или повеќе други општини врз основа на склучен договор меѓу општините.

**Надлежност**

Со цел остварување на надлежностите дефинирани во член 22 став 1 точка 12 од Законот за локална самоуправа ( „ Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), Градоначалникот на општина Градско утврдува потреба од воспоставување на меѓуопштинска соработка.

Проценката за потреба од воспоставување на меѓуопштинска соработка го има во предвид капацитетот на човечки ресурси со кои располага општина Градско, фискалниот капацитет на општината, обемот на работа во наведените надлежности во изминатиот период, искуството од досегашната меѓуопштинска соработка со користење на услуги од општина Велес.

**Цел на соработката**

- ***Вклучени општини***
- Општина Градско – корисник на услуги и
- Општина Велес – вршител на определени работи од надлежност на општината

- ***Релевантни чинители***

Со цел извршување на наведените надлежности Градоначалникот на општина Градско предлага воспоставување на меѓуопштинска соработка и користење на следните услуги:

**ОПШТИНА ГРАДСКО**
ул.„Маршал Тито“ бр.70А Градско
Тел: +38943251522
Е-маил: gradsko1@t.mk gradsko@gradsko.gov.mk www.gradsko.gov.mk

-Административни услуги односно вршење на надзор и инспекциски услуги од овластен градежен инспектор при Одделението за инспекциски надзор на општина Велес.

- ***Очекувани резултати ( квантитативни и квалитативни)***
- Заштеда на трошоците ( економија на обем), која се овозможува преку придонесот на секоја од партнерските општини од човечки, финансиски, технолошки, материјални и инфраструктурни ресурси;
- Зголемување на нивото на ефикасност и на ефективност на ЕЛС во обезбедувањето на определени услуги преку доброволна соработка со соседните општини;
- Квалитетно и навремено услужување на граѓаните, отвореност и отчетност;
- Трансфер на нова технологија, јавен менаџмент и искуство меѓу локалните власти.

- ***Очекувани индикатори***
- Зголемување на нивото на ефикасноста и ефективноста на ЕЛС;
- Заштеда на трошоци на општините кои ќе соработуваат;
- Високо ниво на квалитет и услуги;
- Размена на искуство и знаења.

**Облик**

Предлог – Облик за остварување на меѓуопштинската соработка согласно член 9 точка 2 од Законот за меѓуопштинска соработка ( „Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/09 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/24) претставува вршење на определени работи од страна на една општина за една или повеќе други општини односно вршење на услуги од страна на општина Велес.

**Финансиски импликации**

Општина Градско со воспоставување и продолжување на добрата меѓуопштинска соработка со општина Велес со користење на услуги во наведените надлежности ќе оствари:

- намалување на трошоците за плата;
- намалување на тековно-оперативни трошоци.

**ОПШТИНА ГРАДСКО**
ул.„Маршал Тито“ бр.70А Градско
Тел: +38943251522
Е-маил: gradsko1@t.mk gradsko@gradsko.gov.mk www.gradsko.gov.mk

**Други прашања**

- Продолжување на досегашната меѓуопштинска соработка со користење со користење на услуги од општина Велес
- Размена на искуство и зголемување на нивото на квалитет на услуги, отвореност и отчетност на општините.

Општина Градско
Градоначалник

Киро Нацков

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 08-225/3
15.05. 2025 год.
ГРАДСКО

Врз основа на член 6 став 1 и 3 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија " бр. 79/09 и „Службен весник на РСМ" бр. 274/24) и член 14 и член 36 од Законот за локална самоуправа („ Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ 202/24) и член 12 став 1 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско бр. 02/06, 7/21, 4/22 и 11/23), Советот на општина Градско на 47 (четириесет и седмата седница) одржана на ден 15.05.2025 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка**

**Член 1**

Советот на општина Градско го утврдува Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка со општина Велес преку склучување на договор за вршење на определени работи, поднесен од страна на Градоначалникот бр.09-206/01 од 17.04.2025 година за вршење на определени административни работи - услуги, односно вршење на надзор и инспекциски услуги од овластен градежен инспектор од Одделението за инспекциски надзор - инспекторат од општинската администрација на општина Велес за потребите на општина Градско.

**Член 2**

Утврдениот предлог од член 1 на оваа одлука, процената за потребата од воспоставување на МОС и мислењето на Градоначалникот се доставува до општина Велес заради усвојување.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Градско.

Совет на Општина Градско
Претседател
________________
Мирјана Ѓорѓиева

*Образложение*

Согласно Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Р.М“ 79/09 и „Службен весник на РСМ“ бр. 274/24) во член 5 е регулирано, Предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка покренуваат градоначалникот на општината или член на советот на општината. Од страна на Градоначалникот на Општина Градско доставен е предлог за воспоставување на меѓуопштинската соработка помеѓу општина Градско и општина Велес за користење на интелектуални – административни услуги односно вршење на надзор и инспекциски услуги од овластен градежен инспектор при Одделението за инспекциски надзор на општина Велес за потребите на општина Градско

Врз основа на овој предлог изработена е и Процена за потребата од воспоставување на меѓуопштинска соработка. Во член 6 став 3 и 4 е регулирано дека: Ако советот на општината го прифати предлогот, односно иницијативата за воспоставување на меѓуопштинска соработка утврдува предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка.

Утврдениот предлогот се доставува до општината или општините со кои се предлага воспоставување на меѓуопштинска соработка.